Бр./Nr 12-5882/2
15-01-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-5882/1 од 15.12.2023 година, против лицето -------------, Државен ---------------- РСМ, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-5882/1 од 15.12.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Известување до подносителот во врска со донесената Одлука нема да биде доставено од причина што истиот нема наведено адресни податоци во пријавата.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познат подносител, -------------, вработен во Државното ---------------на РСМ (---), на ден 15.12.2023 година, поднесена е пријава за лицето -----------, Државен ------------ на РСМ и оформен е предмет број 12-5882/1 од 15.12.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека од страна на Државниот -------------- ---------- била донесена одлука – опомена против подносителот на пријавата а во врска со неговото непочитување на работното време донесена врз основа на електронската евиденција на работното време во --- на РСМ.

Наведува дека одлуката не била доставена до него, а исто така во пријавата посочува и други лица за кои укажува дека исто така не го почитувале работното време, за што го наведува дека Државниот ------------ дека треба да се изјасни дали и за тие лица била донесена истата одлука – опомена.

Пријавата е адресирана до повеќе институции и тоа до --- на РСМ, Владата на РСМ, Државен инспекторат за труд, ОЈО на РСМ и други, а меѓу кои и до ДКСК.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, а до кои веќе била поднесена истата пријава, по што оцени нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р К.З.
Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**